РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 14-48/3
13.05. 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на 19. седница одржана на 29.04.2013 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia

| Pranuar / Примено / Received | 14.05.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlera / Вредност / Value |
| 03 | 271/4 | 1 | 1 |


# РЕШЕНИЕ

**за акредитација нова студиска програма Примена на информациони и комуникациски технологии (ИКТ) во настава, втор циклус двегодишни студии на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово**

1. Се акредитира нова студискаta програма, **Примена на информациони и комуникациски технологии (ИКТ) во настава , втор циклус студии на Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од две години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање: **Магистер по Компјутерски науки,** насока **Примена на информациони и комуникациски технологии (ИКТ) во настава,** научно-истражувачко подрачје: Природно-математички науки, научно истражувачко поле: 110 – Информатика, научно истражувачки области: - 11000, 11009, 11011 и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Факултетот за современи науки и технологии при Универзитетот на ЈИЕ – Тетово по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на студиската

програма Примена на информациони и комуникациски технологии (ИКТ) во настава, како и одлуката на Универзитетскиот сенат за усвојување на студиската програма, достави елаборат до Одборот за акредитација и евалуација од 04.03.2013 година за прифаќање на елаборатот и акредитација на студиската програма.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 18. седница одржана на 26.03.2013 година формира експертска комисија и на 19. седница одржана на 29.04.2013 година, врз основа на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски